Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08 – 149/1
28.03 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" бр.82/2018) и член 37 од Статутот на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст), Наставничкиот Совет на својата 31 седница одржана на 28.03.2024 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за регистрирање на предмети за редовни студенти на прв циклус стручни студии на Бреинстер Некст Скопје

**Член 1**

Со Правилникот за регистрирање на предмети (во понатамошниот текст: Правилник) се уредува начинот на кој редовните студенти на прв циклус студии можат да регистрираат предмети на студиските програми на кои се запишани на Бреинстер Некст Скопје.

**Член 2**

Пред почетокот на секој семестар, во рокот за регистрирање на предмети кој се отвора првата седмица пред почетокот на семестарот, студентот има право да регистрира задолжителни предмети согласно предвидената студиска програма за семестарот и да избере и регистрира изборни предмети, кои ќе ги слуша во семестарот кој го запишува.

Студент кој ќе го пропушти рокот за регистрирање на предмети, за да може да ја изврши регистрацијата, најдоцна до завршување на првата недела од предавањата, поднесува барање до студентскиот координатор, тој да го изврши регистрирањето во негово име.

**Член 3**

Предметите се регистрираат онлајн со најавување на студентот на неговиот профил на платформата на Бреинстер Некст, се отвора семестарот во кој треба да се регистрираат предметите. Во рамки на форма за регистрација, се појавуваат задолжителните предмети кои треба да ги потврди студентот, но и изборните предмети кои треба да ги избере. Со завршување на регистрациониот процес, студентот добива потврда за регистрираните предмети.

**Член 4**

Врз основа на податоците по изминување на регистрациониот период, Академските координатори, изготвуваат детален распоред на часови за секој студент поединечно.

**Член 5**

Врз основа на предметите кои студентот ги регистрира во семестарот кој го запишува, Бреинстер изготвува пресметка на износот што студентот треба да го плати дополнително за презапишување на предмети во семестарот кој го запишува согласно избраниот начин на плаќање, утврден во договорот за студирање.

**Член 6**

Студентот не може да запише семестар, ниту да посетува настава или да полага во испитна сесија, доколку го нема платено износот со кој е задолжен согласно член 5 од овој Правилник.

Потврдата за платен износ се доставува до службата за студентски прашања и службата за финансии.

**Член 7**

Во еден семестар, студентот има право да регистрира предмети со кумулативно најмалку 24, а најмногу 30 ЕКТС кредити. По исклучок, студент кој постигнал повисок просек (просечна оценка над 8,00) може да регистрира повеќе од 30 ЕКТС кредити. (но не повеќе од 12 ЕКТС – два предмета), со претходна согласност од Директорот на Бреинстер Некст Скопје.

Исклучок од став 1 на овој член може да се направи во случај на студенти кои се трансфер од други високообразовни установи и студенти кои покажале особени практични знаења и вештини, со претходна согласност од Директорот на Бреинстер Некст Скопје.

Како услов за запишување на одредени предмети Бреинстер Некст може да пропише обврска за успешно совладување (освојување на кредити) на предусловни предмети.

**Член 8**

Студентот може по сопствен избор да се откаже од изборен предмет или да избере друг изборен предмет, доколку студиската програма го дозволува тоа, а најдоцна во рок од 2 (две) недели од првиот ден на настава (add/drop period).

Студентот во овој период не може да се откаже од задолжителен предмет или да избере друг задолжителен предмет.

По истекот на рокот од став 1 (еден) на овој член студентот не може да избере друг изборен предмет, но може да се откаже од изборен предмет, при што е должен да го плати износот на предметот утврден со тарифникот на Бреинстер Некст.

Во студентското досие ќе се води евиденција дека студентот се откажал од предметот.

Откажувањето од предметот треба да се поднесе до службата за студентски прашања, во писмена форма, со назначување на датумот на последната посета на наставата по тој предмет и заверка од предавачот на предметот.

**Член 9**

Врз основа на регистрираните предмети се формираат групи, а листите на распоредени студенти по конкретни предмети им се доставуваат на предавачите на соодветните предмети.

**Член 10**

Одредбите од овој Правилник се применуваат за сите редовни студенти кои студираат на Бреинстер Некст Скопје

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето. Правилникот да се објави на веб страната/платформата на Бреинстер за да се информираат студентите за начинот и постапката за регистрирање на предмети. Правилникот да седостави до директорот, наставниот кадар, службата за студентски прашања, службата за финансии, и до архивата на Бреинстер Некст Скопје.

**Наставнички Совет на**
**Бреинстер Некст Скопје**
**Директор**